РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-2020/1
22-05-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 31-та седница одржана на 22.04.2026 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-194/1 од 13.01.2025 година, оформен по доставена пријава со наводи за сомневање за незаконитости во постапка за вработување во ЈУ /// – ///, **СЕ ЗАПИРА** од причина што за предметниот случај веќе постапил друг надлежен орган – Државниот инспекторат за труд кој не утврдил неправилности и поради тоа нема елементи за понатамошно постапување од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Предметот со број 12-194/1 од 13.01.2025 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## Образложение

До Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на познат подносител, на ден 13.01.2025 година, е поднесена пријава со наводи за сомневање за незаконитости во постапка за вработување во ЈУ /// – ///, по која е оформен предмет број 12-194/1 од 13.01.2025 година. Во пријавата се изнесени сомнежи за незаконитости во постапка за вработување на стручен соработник за заштита на културното наследство – ///, по јавен оглас распишан на 18.12.2024 година. Во постапката по огласот била донесена Одлука за избор на кандидат којшто имал завршено средно образование и пониски квалификации, иако на огласот бил пријавен и кандидат со завршено високо образование со висок просек, кој приложил и документација за дополнителни достигнувања.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба, ДКСК достави барања за доставување податоци и информации до Државниот инспекторат за труд, до Министерството за култура и до ЈУ /// – ///.

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени како одговор на барањата на ДКСК, утврдена е следната фактичка состојба:

По претставка од 13.01.2025 година со наводи кои се истоветни со наводите од пријавата доставена до ДКСК, постапил Државниот инспекторат за труд. Од страна на државен инспектор за труд бил извршен вонреден инспекциски надзор над субјектот ЈУ /// – ///, при кој во Записник /// од /// година било констатирано дека кандидатот ///, подносителка на пријавата до ДКСК, не го исполнувала условот работно искуство од најмалку две години во струката. Во Записникот е цитиран член 5 став 1 од Законот за административни службеници според кој „Работно искуство во струка“ е периодот евидентиран во агенција за вработување како работен стаж, кој вработениот го поминал во работен однос после стекнување на определен степен и вид на образование и во кој вршел работи и работни задачи за кој е потребен таков степен и вид на образование. Истовремено, при надзорот било констатирано дека избраниот кандидат ги исполнувал условите предвидени во јавниот оглас во поглед на видот на образованието и во поглед на работното искуство во струката.

Од содржината на дописот од Државниот инспекторат за труд произлегува дека постапката на која се однесуваат наводите била спроведена по јавен оглас од /// година за вработување на неопределено време на работното место стручен соработник за заштита на културното наследство – ///, категорија ///, ниво ///, распишан од ЈУ /// – ///, за што на /// година била добиена согласност од Министерството за финансии и била донесена Одлука за објавување на јавниот оглас.

Во огласот било наведено дека кандидатот треба да има завршено средно образование – гимназиски смер или стекнати најмалку 240 ЕКТС кредити или завршен VII/1 степен на високо образование од областите наука за книжевност, библиотекарство и документација, правни науки, и работно искуство во струката од најмалку две години.

По објавувањето на огласот била формирана Комисија за спроведување на постапка за вработување, која по извршена административна селекција констатирала дека на огласот се пријавиле седум кандидати, меѓу кои и подносителот на пријавата и избраниот кандидат. На предлог на Комисијата, директорот на ЈУ /// – /// на /// година донел Одлука за избор на кандидатот /// за давател на јавни услуги во културата - ///, категорија ///, ниво ///.

Против Одлуката за избор подносителот на пријавата на /// година поднел приговор до Управниот одбор на /// жалба кои од страна на Управниот одбор биле одбиени, а одлуката за избор била потврдена.

Имајќи ја предвид содржината на Записникот /// од /// година на Државниот инспекторат за труд и констатираната состојба, Државната комисија утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот, од причина што во врска со случајот веќе постапил друг надлежен орган – Државниот инспекторат за труд, кој не констатирал состојба спротивна на закон кај субјектот на надзор во врска со постапката за вработување предмет на пријавата.

Од наведените причини, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: С.С.М., член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата